01-628/1

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на управата („Службен весник на Република Македонија" број 58/2000, 44/2002 и 82/2008), а во врска со член 21 став 2 од Законот за Воена академија („Службен весник на Република Македонија" број 83/2009 година) и член 108 став 11 и 12 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 35/2008), министерот за одбрана донесе

# ПРАВИЛНИК

## ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНКУРС ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И ИЗБОР НА КАНДИДАТИ ЗА ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се утврдува начинот и постапката за спроведување на конкурсот за запишување и избор на кандидати за втор циклус на студии на Воената академија во Скопје (во натамошниот текст: Академијата), организацијата, обемот и начинот на студирање, постапката за пријава, оценка и одбрана на стручен, односно магистерски труд, како и начинот на финансирањето .

Школувањето за втор циклус на студии на Воената академија се организира за потребите на Министерството за одбрана (во натамошниот текст: Министерството) и Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Армијата), за потребите на управувањето со кризи и заштитата и спасувањето како и други институции и заинтересирани кандидати.

### Член 2

Во Академијата вториот циклус на студии се организират во форма на редовни и вонредни студии во различни наставно-научни области, и тоа:

– **Научни студии (магистратура)**, како подготовка за научно-истражувачка дејност во определена област и обработка на современите аспекти на таа област, што се организира за следните насоки, односно наставно-научни области:

а) Безбедност и одбрана; и

б) Управување со кризи и заштита и спасување.

– **Стручните студии (специјализација)**, како продлабочено студирање на определена област и развивање на практичните комптенции, што се организира за следните насоки:

в) Специјализација за командни и штабни должности;

г) Специјализација за заштита и спасување.

### Член 3

Универзитетски студии од втор циклус на Академијата се остваруваат врз основа на акредитирани студиски програми и според правилата за студирање засновани на кредит-трансфер системот, како заедничка процедура што се воспоставува според Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС – European Credit Transfer and Accumulation System).

### Член 4

Вториот циклус на универзитетски студии на Академијата е во времетраење од една студиска година.

Вредноста на секоја предметна програма се изразува во кредити – 1 кредит е еквивалент на 30 часови (во текот на неделата) оптовареност на студентите според различни облици: директна настава, семинарски работи, професионална практика, подготовка на испит, изработка на магистерски, односно специјалистички труд и слично.

Програмскиот обем за определено ниво изнесува:

- за магистерско ниво – 60 кредити;
- за специјалистичко ниво – 40 кредити.

Секоја предметна програма е автономна, но и функциски вклопена во целината на студиите од II циклус. Со тоа е овозможено нивоата да се совладуваат и постапно – директно магистерски студии, па потоа специјализација и обратно.

### Член 5

Запишувањето на втор циклус на студии се врши врз основа на јавен конкурс кој го објавува Академијата, по претходна согласност на министерот за одбрана.

### Член 6

Право да се запишат во втор циклус на академски универзитетски студии имаат и странски државјани, според условите утврдени со закон.

## II. ПРИЕМ НА КАНДИДАТИ ЗА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА ЗА КОМАНДНИ И ШТАБНИ ДОЛЖНОСТИ

### Член 10

Право на учество на конкурсот за Специјализација за командни и штабни должности имаат кандидати кои покрај општите услови за прием на втор циклус на студии на Академијата утврдени со закон, ги исполнуваат и следните посебни услови:

- се државјани на Република Македонија;
- се воени старешини – офицери во чин капетан, ~~или мајор~~ на служба во Армијата;
- се поставени на должност командир на чета или еквивалентна и истата да ја извршувале најмалку две години;
- завршиле воена академија, или високо образование со завршено стручно оспособување и усовршување за офицери на Академијата;
- дипломирале со просечен успех од најмалку 7,00;
- не се постари од 40 години;

- познаваат странски јазик на ниво СТАНАГ 2.2.2.2. (првенствено англиски или француски);
- има посебна физичка и здравствена способност, што го утврдува надлежна Воено-лекарска комисија;
- ги имаат поминато физичките проверки во Армијата;
- имаат службена оценка најмалку "се истакнува" на последните две оценувања;
- добиле согласност за специјализација на Академијата од началникот на Генералштабот (согласноста ја обезбедува кандидатот преку претпоставената команда);

### Член 7

Кандидатите за втор циклус на студии на Академијата за Специјализација за командни и штабни должности полагаат приемен испит.

Содржината и програмата на приемниот испит и начинот на спроведувањето на испитот ги утврдува Наставно-научниот совет на Академијата.

## III. ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНКУРС ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ НА АКАДЕМИЈАТА

### Член 8

Запишувањето на втор циклус на студии се врши врз основа на јавен конкурс кој го објавува Академијата.

Конкурсот се објавува во најмалку два дневни весници, од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскит јазик и на веб страниците на Министерството и Академијата.

Рокот за пријавување на јавниот конкурс не може да биде пократок од пет дена.

### Член 9

Конкурсот за запишување на втор циклус на студии во Академијата го спроведува комисија формирана од министерот за одбрана

Комисијата од став 1 на овој член е составена од пет члена, од кои три члена што ги предлага деканот на Академијата и два члена што ги предлага министерот за одбрана.

Приемниот испит за кандидати за Специјализација за командни и штабни должности (за студиски програми за кои е предвиден) го спроведува Комисија формирана од деканот на Воената академија.

Комисијата од став 3 на овој член е составена од три члена експерти од областите за кои се врши полагање на приемен испит за Специјализација за командни и штабни должности предложени од деканот на Академијата врз основа на одлука на Наставно научниот совет.

**Член 10**

Одлука за бројот на кандидатите што се запишуваат на студиски програми за втор циклус и начинот на нивно финансирање донесува министерот за одбрана, по предлог на деканот на Академијата, како и по предлог на началникот на Генералштабот на АРМ за кандидатите за Специјализација за командни и штабни должности

**Член 11**

Конкурсот за запишување на втор циклус на студии содржи:

- име на Академијата и нејзината адреса;
- назив на студиската програма за втор циклус на студии;
- 
- времетраење на студиите;
- услови за запишување;
- број на слободни места за запишување;
- постапките и роковите за пријавување и за изведување на запишувањето;
- потребни документи.

**Член 12**

Кандидатите се пријавуваат на конкурс со пополнување на пријава за упис во втор циклус на универзитетски академски студии/специјалистички студии во согласност со конкурсот.

Кандидатите кои се пријавуваат на конкурсот пријавата со потребните документи ја доставуваат до Академијата.

**Член 13**

Ранг-листата на примените кандидати ја изготвува комисијата од член 9 став 1 на овој правилник .

Ранг листата се објавува на огласната табла на Академијата, како и на веб страниците на Министерството и Академијата (освен за Специјлизација за командни и штабни должности).

При изготвувањето на ранг листата треба да се води сметка за соодветна и правична застапеост на кандидатите кои припаѓаат на сите зедници со почитување на критериумите за стручност и компетентност како и почитување на принципот на еднаквост на половите .

Кандидатот кој смета дека постапката не е правилно спроведена, има право на приговор во рок од 24 часа од денот на објавувањето на резултатите на огласната табла на Академијата кој го доставува до Деканската управа на Академијата.

Одлуката по приговорот од став 4 на овој член се донесува во рок од 24 часа од поднесувањето на приговорот. Одлуката му се соопштува на подносителот на приговорот со истакнување на огласната табла и со објавување на веб-страницата на Министерството и Академијата (освен за Специјлизација за командни и штабни должности).

Ранг листата станува конечна по истекот на рокот за поднесување на приговор.

Комисијата од член 9 став 1 на овој правилник е должна до наставно-научниот совет да достави конечен извештај (конечна ранг листа) за резултатите од запишувањето на студентите на студиските програми од втор циклус.

**Член 14**

Наставно-научниот совет на Академијата дава мислење за конечната ранг листа и ја доставува до министерот за одбрана, кој го врши изборот на кандидатите.

**Член 15**

Кандидатот го остварил правото на запишување доколку се наоѓа на ранг-листата до бројот што е предвиден со конкурсот за запишување.

Кандидатот којшто го остварил правото на запишување, а во предвидениот рок нема да го изврши запишувањето го губи правото и наместо него правото на запишување го стекнува наредниот кандидат од ранг-листата.

**Член 16**

Странски државјани имаат право на запишување во втор циклус студии под еднакви услови како и државјаните на Република Македонија, со плаќање на полна цена на студирање, освен ако тоа не е поинаку регулирано со меѓудржавен договор.

**Член 17**

Кандидатите за запишување на втор циклус на студии склучуваат договор за студирање со Министерството за одбрана во согласност со Статутот на Академијата.

## IV. ОРГАНИЗАЦИЈА И ОБЕМ НА СТУДИИТЕ И НАЧИН НА СТУДИРАЊЕ

**Член 18**

Втор циклус на академски универзитетски студии се организира како студии со повисоко ниво на научноистражувачка сложеност и повисоко ниво на оптовареност на студентот во дадено подрачје.

**Член 19**

Должината на студиите се организира според оптовареноста на студентот и обемот на потребните кредити што треба да ги оствари во зависност од бројот и видот на предметните програми застапени во студиската програма.

### Член 20

Вториот циклус на студии, покрај редовните предметни програми за кои се предвидени соодветни наставни и научноистражувачки активности, содржат завршен испит, односно изработка и одбрана на магистерски односно специјалистички труд.

Периодот потребен за изработка и одбрана на магистерскиот односно специјалистичкиот труд започнува во моментот кога студентот ќе го стекне потребниот број кредити предвидени со студиската програма за втор циклус на академски универзитетски студии.

### Член 21

Студиските програми за втор циклус на студии се поделени на студиски години и семестри.

### Член 22

Втор циклус на академски универзитетски стручни студии (специјалистички студии) траат два семестра, од кои еден семестар или најмалку 30 кредити за совладување на редовните предметни програми, а еден семестар за совладување на стручно-специјалистичките предмети и изработка на специјалистички труд или најмалку 10 кредити (во рамките на Специјализацијата не се вреднува со кредити делот на стручно-специјалистички предмети, што во суштина опфаќаат практична работа на решавање тактички задачи, работа во улога на извршување определени должности, штабно функционирање и работа во процесот на донесување одлуки и слично).

Втор циклус на универзитетски академски студии (магистерски студии) во времетраење од 1 (една) година или два семестра, за совладување на предвидените предметни програми најмногу 42 кредити и за изработка на магистерски труд најмалку 18 кредити.

Вкупниот број на кредити кои се стекнуваат во првиот и вториот циклус на универзитетски академски студии изнесува 300 кредити за магистратура и 280 за специјализација.

Студентите во втор циклус на студии имаат право секој испит да го полагаат најмногу двапати, во спротивно го губат правото на студирање.

## V. ФИНАНСИРАЊЕ НА ВТОРИОТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ

### Член 23

Вториот циклус на студии за потребите на управувањето со кризи и заштитата и спасувањето во Република Македонија, како и за други институции и заинтересирани кандидати има карактер на приватни студии и се финансира од средства на кандидатите.

Финансирањето на кандидатите упатени на школување на втор циклус на студии за потребите на Министерството и Армијата се врши согласно Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

## VI. СТУДИСКА ПРОГРАМА

Член 24

Студиската програма, која е акредитирана од страна на одборот за акредитација, ја усвојува Универзитетскиот сенат, по предлог на наставно-научниот совет на Академијата и по претходно мислење за студиските програми за втор циклус на студии од страна на министерот за одбрана.

Студиските програми треба да содржат задолжителни и изборни предмети во приближен однос од најмногу 75% спрема најмалку 25%.

Темите за завршен труд на вториот циклус се избираат од подрачјето на студиската програма од вториот циклус.

Темите и менторите ги утврдува наставно-научниот совет на Академијата и се објавуваат јавно на огласната табла и на веб-страницата на Академијата.

## VII. ПОСТАПКА ЗА ПРИЈАВА, ОЦЕНКА И ОДБРАНА НА СТРУЧЕН, ОДНОСНО МАГИСТЕРСКИ ТРУД

Член 25

Стручниот труд е самостојна стручна работа со која се систематизираат постојните знаења и се придонесува за решавање на проблеми од практиката.

Магистерскиот труд е резултат на самостојна работа на студентот, со кој се систематизираат постојаните научни знаења и се придонесува за нивниот понатамошен развој.

Член 26

На предлог на деканатската управа, наставно-научниот совет на Академијата формира наставно-научен колегиум, односно комисија за втор циклус на студии од наставниците коишто реализираат настава на вториот циклус на студии.

Составот, надлежностите и начинот на работа на наставно-научниот колегиум, односно комисија за втор циклус на студии се утврдува со актот за формирање.

Член 27

Пријавата за изработување на стручно-специјалистичкиот, односно магистерскиот труд се поднесува до наставно-научниот совет, по претходно дадено позитивно мислење на наставно-научниот колегиум, односно од комисијата за втор циклус, по положувањето на предвидените испити.

Пријавата содржи: наслов на темата, образложение за стручната, односно за научната оправданост на темата, план за работа и преглед на литературата.

По предлог на натавно-научниот колегиум, односно на комисијата за втор циклус, насловот на темата се определува во рамките на научната област на која се изведуваат стручно-специјалистичките, односно магистерските студии, а го потврдува наставно-научниот совет.

Насловот на темата може да биде предложен и од кандидатот во договор со менторот.

### Член 28

Одлука за опредлување на менторот, по предлог на натавно-научниот колегиум, односно од комисијата за втор циклус, доенсува наставно-научниот совет.

Менторот се определува од наставно-научните и научните работници од потесната научна област, односно воена вештина од која е пријавен трудот.

Менторот го води студентот во неговата истражувачка и научна работа и му дава помош во целокупниот процес на изработка на завршниот труд.

По образложено барање на кандидатот или менторот, наставно-научниот совет може да донесе одлука за промена на менторот.

### Член 29

Насловот на прифатениот стручно-специјалистички, односно магистерски труд се објавува во билтенот и веб-страницата на Академијата, на македонски на јазикот, јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскит јазик и на англиски јазик.

### Член 30

По завршувањето на менторската фаза, односно по изработката на трудот, кандидатот доставува пет примероци од стручно-специјалистичкиот, односно магистерскиот труд, со барање да се формира комисија за одбрана на истиот.

По образложен предлог на менторот за завршена менторска фаза, наставно-научниот совет формира комисија од три члена за оценка на стручниот, односно магистерскиот труд, во рок од 45 дена од денот на донесувањето на трудот.

Комисијата за оценка на стручниот, односно магистерскиот труд е должна да го прегледа трудот и на кандидатот писмено да му ги достави забелешки, во рок од три месеци од денот на предавањето на трудот.

Комисијата може да му го врати трудот на кандидатот со забелешките најмногу два пати и да му определи, во рок од најмногу три месец, да постапи по нив.

### Член 31

Кандидатот стручно-специјалистички труд го брани најдоцна во рок од шест месеци од денот на одобрувањето на темата на трудот.

Кандидатот магистерски труд го брани најдоцна во рок од една година од денот на одобрувањето на темата на трудот.

По барање на кандидатот наставно-научниот совет може да одобри продолжување на рокот за одбрана на стручно-специјалистичкиот, односно магистерскиот труд, за времето додека траеле причините за спреченост за работа на стручниот, односно магистерскиот труд. По истекот на овој рок, кандидатот го губи правото да го брани пријавениот стручно-специјалистички, односно магистерски труд.

## Член 32

Комисијата изготвува извештај во која дава оценка и образложение на трудот, најдоцна во рок од три месеци од денот на предавањето на трудот.

Извештајот се доставува до наставно-научниот совет.

По усвојувањето на извештајот, наставно научниот совет формира комисија за одбрана и го определува денот на одбраната, во рок од 15 дена од прифаќањето на извештајот.

Членовите на комисијата за оценка на стручно-специјалистичкиот, односно магистерскиот труд можат да бидат и членови на комисијата за одбрана.

Кандидатот писмено се известува за денот на одбраната.

## Член 33

Одбраната на трудот е јавна и се објавува на огласната табла на Академијата, најмалку седум дена пред денот на одбраната.

## Член 34

Одбраната на завршниот труд се врши на следниов начин:

- претседателот на комисијата ја отвора постапката за одбрана на завршниот труд, ги изнесува податоците за студентот, насловот на трудот, времето на изработка и менторот;
- кандидатот го претставува својот труд, со образложение на целта, задачите, методите на изработка, добиените резултати, дискусиите за резултатите и заклучоците;
- членовите на комисијата можат да поставуваат прашања и да ги коментираат резултатите на завршниот труд;
- претседателот на комисијата може да им дозволи на присутните да поставуваат прашања или да ги коментираат резултатите на завршниот труд;
- комисијата се повлекува заради донесување на одлука;
- претседателот на комисијата, по спроведената постапка, му ја соопштува на студентот одлуката на комисијата.

Формуларот за одбрана на завршниот труд го утврдува Академијата.

Ако завршниот труд се состои од два дела, кандидатот прво го изведува практичниот дел, а потоа пристапува кон усна одбрана на писмениот дел од трудот.

Во текот на одбраната на завршниот труд се води записник од страна на секретарот на комисијата за одбрана.

Записникот го потпишуваат претседателот и членовите на комисијата од член 30 став 2 на овој правилник.

## Член 35

По завршувањето на одбраната на трудот, комисијата за одбрана на трудот јавно ја соопштува оценката на одбраната на стручно-специјалистичкиот, односно магистерскиот труд.

Оценувањето се врши со две описни оценки: го одбранил стручно-специјалистичкиот, односно магистерскиот труд или не го одбранил стручно-специјалистичкиот, односно магистерскиот труд.

### Член 36

За текот на одбраната се води записник во кој се внесува оценката од член 39.

Записникот го потпишуваат претседателот и членовите на комисијата за одбрана.

### Член 37

Свечената промоција на доделувањето на дипломите за завршениот втор циклус на академски универзитетски студии и одбранет магистерски/специјалистички труд е на денот на Академијата.

Деканот на Академијата им ги доделува дипломите на студентите за завршен втор циклус на студии.

До доделувањето на дипломата се издава уверение за завршен втор циклус на студии во кое се наведува дека е од привремен карактер од страна на Студентската служба на Академијата.

## VIII. ИСПРАВИ И ЕВИДЕНЦИЈА НА СТУДИИТЕ

### Член 38

Кандидатот кој ги положил испитите предвидени за вториот циклус на академски универзитетски студии, го одбранил завршниот труд и ги исполнил обврски утврдени со Статутот и подзаконските акти на Академијата се стекнува со соодветен степен, односно диплома за завршен втор циклус на студиска програма.

Со дипломата задолжително се издава и додаток на диплома, заради детален увид во нивото, природата, содржината, системот и правилата на студирањето и постигнатите резултати во текот на студиите.

### Член 39

Кандидатот кој ќе го одбрани завршниот труд се запишува во матичната книга на дипломирани студенти на втор циклус на академски универзитетски /стручни студии, која ја води Студентската служба на Академијата.

## IX. АКАДЕМСКО ИЛИ СТРУЧНО ЗВАЊЕ

### Член 40

Кандидатите кои ги завршиле студиите од втор циклус на универзитетски специјалистички студии со освоени 280 кредити се стекнуваат со диплома за научен назив - **специјалист**, со додавање на соодветната струка, ако поинаку не е утврдено со закон.

Со завршување на специјалистичките студии на Академијата се добива диплома со назив специјалист за соодветната насока (специјалист за командни и штабни должности и специјалист за заштита и спасување).

Кандидатите кое ги завршило студиите од втор циклус на универзитетски академски студии со вкупно освоени 300 кредити се стекнува со диплома за научен назив - магистер, со додавање на соодветната струка, ако поинаку не е утврдено со закон.

Со завршување на магистерските студии на Академијата се добива диплома со назив магистер по менаџмент со одбранбено-безбедносни ресурси од соодветната област на студиската програма.

Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, академски назив по завршувањето на вториот циклус на студии е master.

## X. ПРЕОДНА ОДРЕДБА

### Член 41

Кандидатите на Последипломски студии – Специјализација за командни и штабни должности (ПДС-СКШД) кои ги започнале студиите во Академијата пред влегувањето во сила на овој правилник, истите ќе ги завршат согласно постоечкиот Студиски план и прогрма донесен со одлука на Наставно-научниот совет на Академијата бр. 04-20/64 од 26.04.2002 година, кој важел во моментот на нивниот упис и за нив не се однесуваат одредбите од овој правилник.

## XI. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

### Член 42

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА
*Зоран Коњановски*